Дневни билтени

2015

- Февруари
- Март
- Април
- Мај
- Јуни
- Јули
- Август
- Септември
- Октомври
- Ноември
- Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022

## Извадок на дел од дневни настани 11.04.2022

На 10.04.2022 околу 19.50 часот на улица „Иво Лола Рибар" во Гостивар, полициски службеници на СВР Тетово-Одделение за внатрешни работи Гостивар го лишиле од слобода 18-годишниот гостиварец А.М., затоа што при преглед му била пронајдена марихуана. Тој бил задржан во Полициската станица Гостивар за расчистување и документирање на случајот и против него ќе следува поднесок.

На 10.04.2022 околу 15.00 часот во близина на караула Радожда, полициски службеници од Полициската станица за граничен надзор „Охридско езеро" го лишиле од слобода Ј.Б.(48) од Република Албанија поради нелегален влез во државата. Во наведеното време, откако ги забележал полициските службенициi, скокнал во Охридското езеро и се обидел пливајќи да побегне, но набргу бил фатен и приведен. Притоа, полициски службеници испукале неколку куршуми во воздух како предупредување. При преглед кај него бил пронајден нож на расклопување. Тој бил предаден во Полициската станица за граничен надзор Френгово, и од инспектор од Отсекот за прекуграничен криминал, странци и реадмисија при Регионалниот центар за гранични работи Запад изречена му е мерка „Забрана за влез во Република Северна Македонија". Инаку, на 01.12.2019 Ј.Б. бил фатен над с.Радожда како со пловен објект врши кривично дело „незаконит риболов".

На 10.04.2022 на подрачјето на СВР Штип полициски службеници спроведоа акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 20 прекршоци, од кои 16 во населено место и 4 надвор од населено место. Санкционирани биле и 21 други видови на прекршоци, од кои 8 за управување возило без возачка дозвола, 5 за нерегистрирано возило, 6 за управување возило под дејство на алкохол, 1 за непрописно престигнување и 1 за непрописно паркирање.

Во текот на вчерашниот ден (10.04.2022) Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 314 возачи. Од нив 14 возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а тоа возила се движеле со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа, 169 возачи ја пречекориле брзината во населено место, а 145 надвор од населено место.

На 10.04.2022 во 16.37 часот во СВР Скопје било пријавено дека на автопатот Скопје - Велес, во близина на с.Катланово, скопско, мотоцикл „хонда" со скопски регистарски ознаки, управуван од Н.П.(25) од Скопје, излетал надвор од коловозот. Во несреќата на местото на настанот починал мотоциклистот. Извршен бил увид од Јавен обвинител и увидна екипа од СВР Скопје.

На 10.04.2022 во 21.00 часот во СВР Скопје, од Комплексот клиники „Мајка Тереза" - Клиника за неврохирургија било пријавено дека Б.З.(62) од Свети Николе, кој бил пациент во клиниката, со тврди предмети, кои ги нашол во собата, фрлал кон пациентот С.В.(66) од с.Колари, кичевско. Потоа, болничарот Н.Б.(23) влегол во собата со цел да ја смири ситуацијата, но Б.З. и кон него почнал да фрла предмети, по што го отворил прозорецот и скокнал, по што се здобил со тешки телесни повреди и бил задржан на понатамошно лекување. Останатите двајца се здобиле со телесни повреди. Се работи на расчистување на случајот.

На 10.04.2022 во 13.50 часот во СВР Штип, од Клиничката болница во Штип било пријавено дека кај нив со тешки телесни повреди била донесена С.П.(22) од с.Жиганци, кочанско. Според пријавеното, таа се здобила со повредите околу 12.30 часот на регионалниот пат во с.Жиганци кога со возилото „фолксваген поло" со кочански регистарски ознаки, кое го управувала, излетала од патот.

Денеска (11.04.2022) во 11.00 часот, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода Р.Р.(26) од Куманово. Тој се сомничи дека извршил кражба во објект на јавно претпријатие во село Проевце и во деловен објект на улица „Иво Лола Рибар" од каде одзел повеќе предмети. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе следува соодветна пријава.

На 10.04.2022, полициски службеници од Полициската станица Чаир лишиле од слобода малолетник од Скопје и расчистиле разбојништво и тешка кражба. Во присуство на родител и адвокат со него бил извршен разговор и тој признал дека на 29.03.2022 во автобус на ЈСП со закана со остар предмет од друг малолетник одзел мобилен телефон и ранец. Телефонот бил пронајден и вратен на сопственикот. Исто така, тој признал дека на 25.03.2022 извршил кражба во стан на Ѓ.Н. и одзел пари, мобилен телефон и други предмети. Телефонот бил пронајден и вратен на сопственикот. По целосно документирање на случаите против малолетникот ќе бидат поднесени соодветни пријави.

Денеска (11.04.2022) во периодот од 08.00 до 13.00 часот, полициски службеници на СВР Тетово спроведе засилени контролни мерки на обврските на возачите кон пешаците, во кои биле откриени и санкционирани вкупно 35 прекршоци (ТЕ-28 и ГВ-7). При контролата, исто така, санкционирани се и 8(ТЕ) други видови сообраќајни прекршоци.

Во текот на изминатиот викенд СВР Куманово продолжи со засилените акциски контроли во областа на сообраќајот. На територија на Куманово изречени се вкупно 66 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 37 санкции, 13 за возење под дејство на алкохол, 12 за прекршоци што ги прават пешаците и 4 санкции за возачи кои не даваат првенство на пешаци.

ОВР Кичево поднесе кривична пријава против Н.Б.(45) од Кичево, поради постоење основи за сомнение за сторено кривично дело „злоупотреба на службена положба и овластување". Тој, во својство на директор на Општинско средно училиште во Кичево, во повеќе наврати ја кршел работната дисциплина со неоправдано отсуство од работа по три последователни работни дена и се стекнал со вкупна противправна имотна корист од 1.694.379 денари и на неколку професори од школото им овозможил да се стекнат со вкупна противправна имотна корист од 3.673.532 денари.

Денеска (11.04.2022) околу 10.15 часот во СВР Тетово, вработен во „Пошта на Северна Македонија" пријавил дека во експозитура во тетовска Мала Речица две лица со закана со оружје одзеле пари. Увид извршила екипа од Секторот за внатрешни работи Тетово. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 10.04.2022 во 15.20 часот во Полициската станица Аеродром, М.Д.(19) од Скопје пријавил дека во 15.15 часот на неговото работно место во спортска обложувалница на подрачје на Аеродром бил физички нападнат од пет лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 09.04.2022 околу 23.15 часот во Полициската станица Карпош било пријавено дека во Спортски центар „Борис Трајковски", за време на концерт, по претходно недоразбирање бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Д.Л.П.(29) од Куманово и И.Е.(27) женско лице од Струмица, при што Д.Л.П. ја турнал и В.Т.Е.(51) од Струмица. Сочинет бил записник за констатиран прекршок по член 11 од Законот з апрекршоците против јавниот ред и мир.

На 10.04.2022 на ул.„Андреја Петковиќ" во Скопје, полициски службеници од Потраги при Одделение за криминалистички работи Аеродром и Драчево ја пронашле М.П.(17), која на 09.04.2022 била пријавена дека се оддалечила од дома.

На 10.04.2022 во 16.45 часот во Полициската станица Гази Баба било пријавено дека од Државен училишен центар за образование и рехабилитација на подрачје на Гази Баба се одалечила Х.С.(19) од Скопје, која имала здравствени проблеми. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 10.04.2022 во 18.00 часот во Полициско одделение Шуто Оризари, С.М.(52) од Скопје пријавила дека од домот се оддлачил нејзниниот син О.М.(26), кој имал здравствени проблеми. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 10.04.2022 во 13.52 часот во Полициската станица Карпош, Ш.А.(44) од Скопје пријавил дека во дворот од неговата куќа, пред влезната врата, пронашол неексплодирана рачна бомба. Увид бил извршен и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 10.04.2022 во 10.02 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Благоја Паровиќ" настанал пожар во зграда, при што била зафатена кровната конструкција од зградата. Од екипа на Бригадата за противпожарна заштита пожарот бил изгаснат и повредени лица нема. Увид бил извршен.



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА
Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет